# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4341.**

Врз основа член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21), член 36 став 3 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21) и точка 24 од Одлуката за менувачките работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 212/23), гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија, донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕНУВАЧКИТЕ РАБОТИ

1. Со ова упатство се уредува начинот на спроведување на Одлуката за менувачките работи.

2. Овластениот менувач е должен на видно место во просторијата во која се вршат менувачките работи да ја залепи налепницата којашто е издадена од Народната банка на Република Северна Македонија и е во правоаголна форма, во сина боја, со натпис: „Народна банка на Република Северна Македонија“ и со натпис на бело поле: „МЕНУВАЧНИЦАТА ГИ ИСПОЛНУВА УСЛОВИТЕ ЗА МЕНУВАЧКО РАБОТЕЊЕ“, во долниот десен агол е серискиот број на налепницата, а во горниот лев агол е грбот на Народната банка на Република Северна Македонија во жолта боја.

3. На курсната листа којашто овластениот менувач е должен да ја истакне, треба да биде наведен датумот за кој важи таа.

Овластениот менувач самостојно ја утврдува курсната листа и може да ја менува во текот на денот. Овластениот менувач којшто врши менувачки работи во свое име, а за сметка на банка, е должен да се придржува кон одредбата од Договорот склучен со Банката којашто се однесува на примената на курсната листа.

Овластениот менувач може да купува ефективни странски пари и чекови што гласат на странски валути и да продава ефективни странски пари што гласат на странски валути коишто се предмет на купопродажба на девизниот пазар во Република Северна Македонија.

При вршењето менувачки работи преку банкомат со функција за менувачки работи, овластената банка е должна да обезбеди, пред секоја купопродажна трансакција на ефективни странски пари, на екранот на банкоматот со функција за менувачко работење (во понатамошниот текст: банкоматот) да се прикаже курсна листа на куповни и продажни курсеви на валутите коишто се купуваат и се продаваат. Овластената банка е должна да обезбеди на екранот на банкоматот да се појавува известување за износот што ќе го добие физичкото лице, како и за евентуалното заокружување на износот до одреден апоен и притоа физичкото лице мора да има можност да ја потврди или да ја одбие трансакцијата.

4. Доколку овластениот менувач има потреба ефективните странски пари или денари коишто потекнуваат од менувачко работење да ги положува на сметка во овластена банка, тој треба да отвори посебна девизна сметка и посебна денарска трансакциска сметка за вршење менувачки работи, коишто ќе служат исклучиво за вршењето на менувачките работи.

5. Овластениот менувач, за секоја склучена трансакција, е должен да изготви образец МТ1 чијашто форма, содржина и начин на пополнување се дадени во прилог:

**Потврда за купување/продавање ефективни странски пари и чекови**

**Образец МТ1**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Овластен менувач:<br>Овластена банка: | Број на потврдата | Датум и време | Купувам | Продавам |
| Вид на валутата | Износ на ефективни странски пари и чекови | Курс | Износ во денари | |
| Резидент/нерезидент | Документ за идентификација: | | Овластено лице: | |

Образецот МТ1 – Потврда за купување/продавање ефективни странски пари и чекови, се пополнува на следниов начин:

- во рубриката „овластен менувач и овластена банка“ се внесува името на овластениот менувач, а податокот за овластената банка го внесуваат само оние овластени менувачи коишто работат во свое име, а за сметка на овластена банка и се внесува името на овластената банка со која овластениот менувач има склучено договор;
- во рубриката „број на потврдата“ овластениот менувач го внесува бројот на потврдата којшто го води хронолошки почнувајќи од еден;
- во рубриката „датум и време“ се запишуваат датумот на кој се врши трансакцијата и времето на вршење на трансакцијата во форматот ЧЧ:ММ;
- во рубриката „купувам“ се внесува шифрата 1, во случај кога овластениот менувач купува ефективни странски пари и чекови;

- во рубриката „продавам“ се внесува шифрата 2, во случај кога овластениот менувач продава ефективни странски пари;

- во рубриката „вид на валутата“ се внесува ознаката на видот на валутата којашто ја купува или ја продава од кодексот на шифри на валути од Упатството за начинот на вршење на платниот промет со странство;

- во рубриката „износ на ефективни странски пари и чекови“ се внесува износот на странските ефективни пари и чекови коишто ги купува или износот на странските ефективни пари коишто ги продава;

- во рубриката „курс“ се внесува курсот од курсната листа (куповен или продажен во зависност од трансакцијата) којшто важи во моментот кога се извршува трансакцијата;

- во рубриката „износ во денари“ се внесува денарскиот износ којшто се добива со множење на износот на странските ефективни пари и чекови со вредноста на курсот;

- во рубриката „резидент/нерезидент“ се запишува шифрата 3 ако се врши купување/продавање од/на домашно физичко лице (резидент), а шифрата 4 ако се врши купување/продавање од/на странско физичко лице (нерезидент);

- во рубриката „документ за идентификација“ се внесуваат името и презимето и ЕМБГ од биометриската лична карта или од патната исправа, за домашно физичко лице (резидент), а за странско физичко лице (нерезидент) се внесуваат името и презимето, бројот и местото на издавање од патната исправа или името и презимето, бројот и местото на издавање од биометриската лична карта доколку клиентот доаѓа од држава со која Република Северна Македонија склучила билатерален договор (спогодба) со кој се овозможува влез во Република Северна Македонија и со биометриска лична карта, за секоја трансакција којашто вклучува сума поголема од 500 евра во денарска противвредност и

- во рубриката „овластено лице“ се внесуваат името, презимето и потписот на овластеното лице коешто го издало образецот.

Потврдата за купување и продавање ефективни странски пари и чекови се изготвува во два примерока, од кои едниот задолжително му се дава на физичкото лице за кое е извршена трансакцијата, а вториот примерок служи за потребите на овластениот менувач.

6. При вршењето менувачки работи преку банкоматот, овластената банка е должна да обезбеди банкоматот за секоја трансакција да издава Потврда за купување/продавање ефективни странски пари МТ1/Б, којашто ги содржи следниве податоци:

- името на овластената банка, којашто од гувернерот на Народната банка има добиено дозвола за основање и работење и врши менувачко работење преку банкомат;

- бројот на потврдата којшто хронолошки почнува од 1 (еден);

- датумот на кој се врши трансакцијата;

- шифрата 1, кога се купуваат ефективни странски пари;

- шифрата 2, кога се продаваат ефективни странски пари;

- ознака на видот на валутата којашто се купува или се продава од кодексот на шифри на валути од Упатството за начинот на вршење на платниот промет со странство;

- износот на ефективните странски пари коишто се купуваат или износот на странските ефективни пари коишто се продаваат;

- курсот од курсната листа (куповен или продажен во зависност од трансакцијата) којшто важи во моментот кога се извршува трансакцијата;

- износот во денари коишто се примаат или се исплатуваат;

- шифрата 3 ако се врши купување/продавање од/на домашно физичко лице (резидент), а шифрата 4 ако се врши купување/продавање од/на странско физичко лице (нерезидент) и

- бројот на банкоматот евидентиран во Регистарот на Народната банка на Република Северна Македонија.

При вршењето на менувачките работи преку банкоматот, потврдата за купување и продавање ефективни странски пари – МТ1/Б се изготвува во два примерока, од кои едниот во хартиена форма задолжително го добива физичкото лице кое ја извршило трансакцијата, а вториот примерок се чува во електронска форма и служи за потребите на овластената банка.

7. Овластениот менувач е должен да го води прометот со готовината во посебна книга на благајната (благајнички дневник) во форма којашто е составен дел на ова упатство и ја сочинуваат: образец за книжење на трансакциите – бр. 1КТ и образец за пресметка на дневната благајна – бр. 1ДБ.

За секој ден во кој имало промет во благајничкото место, овластениот менувач е должен да направи благајнички дневник и да направи проверка дали се усогласени документите од прометот на благајничкото место и фактичката состојба на готовината во благајничкото место.

Образецот за книжење на трансакциите бр. 1КТ е даден во прилог:

**Образец за книжење на трансакциите на ден _________ бр. 1КТ**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Матичен број на овластениот менувач: | | Име на овластениот менувач: | | | Адреса на менувачкото место: | | | | |
| Име на овластената банка: | | | | | | | | | |
| Ред. бр. | Број на документот | Опис | Ефективни странски пари и чекови | | | | | Износ во денари | |
| | | | Вид на валута | Курс | Вид на средства | Влез | Излез | Влез | Излез |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | | | | | |
| Име, презиме и потпис на овластеното лице: | | | | | | | | | |
| Име, презиме и потпис на одговорното лице или на друго лице овластено од одговорното лице: | | | | | | | | | |

Рубриката „име на овластената банка“ ја пополнуваат само овластените менувачи коишто работат во свое име, а за сметка на овластена банка.

Во образецот за книжење на трансакциите бр. 1КТ во одделните колони се запишуваат следниве податоци:

- Во колоната 1 – реден број, се запишува редниот бројот на трансакцијата почнувајќи од еден;

- Во колоната 2 – број на документот, се запишува бројот на документот што се книжи, и тоа:

- за книжење на трансакциите со шифрите 10, 11 и 12 се запишува бројот од Потврдата за купување/продавање ефективни странски пари и чекови (образец МТ1);

- за книжење на трансакциите со шифрата 13 се запишуваат бројот од документот образец ПП40 со кој се примени (подигнати) денарите од посебната денарска трансакциска сметка за менувачки работи и бројот од документот каса-прими;

- за книжење на трансакциите со шифрите 14 и 16 се запишува бројот од документот каса-прими;

- за книжење на трансакциите со шифрата 15 се запишуваат бројот од документот со кој се примени (подигнати) ефективните странски пари од девизната сметка за менувачко работење (образец 746) и бројот од документот каса-прими;

- за книжење на трансакциите со шифрата 17 се запишуваат бројот од документот образец ПП10 со кој се внесени денарите на посебната денарска трансакциска сметка за менувачки работи и бројот од документот каса-исплати;

- за книжење на трансакциите со шифрите 18, 20 и 21 се запишува бројот од документот каса-исплати;

- за книжење на трансакциите со шифрата 19 се запишуваат бројот од документот со кој се внесени ефективните странски пари на девизната сметка за менувачки работи (образец 746) и бројот од документот каса-исплати и

- за книжење на трансакциите со шифрите 22 и 23 се запишува бројот од документот од кој може да се утврди како настанал кусокот на ефективните денари или на ефективните странски пари и чекови.

- Во колоната 3 – опис на извршената трансакција, се запишува шифрата за извршената трансакција. Шифрите на извршените трансакции се следниве:

10 – за купување ефективни странски пари (износот на ефективните странски пари се запишува во колоната 7, а износот на издадените денари се запишува во колоната 10);

11 – за купување чекови (вредноста на чековите се запишува во колоната 7,  а износот на издадените денари се запишува во колоната 10);

12 – за продажба на ефективни странски пари (издавањето на ефективните странски пари се запишува во колоната 8, а износот на примените денари се запишува во колоната 9);

13 – за примање денари од посебната, денарска трансакциска сметка за менувачки работи (износот на примените денари од сметката се запишува во колоната 9);

14 – за примање денари од друго менувачко место (износот на примените денари од друго менувачко место се запишува во колоната 9);

15 – за примање ефективни странски пари од девизната сметка за менувачки работи (износот на ефективните странски пари се запишува во колоната 7);

16 – за примање ефективни странски пари од друго менувачко место (износот на ефективните странски пари се запишува во колоната 7);

17 – за внесување (пренос на) денари на посебната, денарска трансакциска сметка за менувачки работи (износот на денарите се запишува во колоната 10);

18 – за префрлување (пренос на) денари на друго менувачко место (износот на денарите се запишува во колоната 10);

19 – за внесување (пренос), односно положување ефективни странски пари на девизната сметка за менувачки работи (износот на ефективните странски пари се запишува во колоната 8);

20 – за префрлување (пренос на) ефективни странски пари на друго менувачко место (износот на ефективните странски пари се запишува во колоната 8);

21 – за давање чекови за наплата во овластена банка (износот на чековите се запишува во колоната 8);

22 – за кусок на ефективни денари (износот на денарите се запишува во колоната 10);

23 – за кусок на ефективни странски пари и чекови (износот на ефективните странски пари и чекови се запишува во колоната 8).

- Во колоната 4 – вид на валутата, се внесува ознаката на видот на валутата којашто е предмет на купопродажба од кодексот на шифри на валути од Упатството за начинот на вршење платен промет со странство на Народната банка;

- Во колоната 5 – курс, се внесува курсот од курсната листа (куповен или продажен) во зависност од видот на трансакцијата;

- Во колоната 6 – вид на средствата (за ефективни странски пари: без ознака, а за чекови се употребува ознаката ЧЕК);

- Во колоната 7 – влез, се запишува износот на внесување ефективни странски пари во благајничкото место;

- Во колоната 8 – излез, се запишува износот на издавање ефективни странски пари од благајничкото место;

- Во колоната 9 – влез – во денари, се внесува денарската противвредност на продадените ефективни странски пари и други внесувања денари во благајничкото место;

- Во колоната 10 – излез – во денари, се внесува денарската противвредност на купените ефективни странски пари и чекови и други изнесувања во денари од благајничкото место.

Образецот за пресметка на дневната благајна бр. 1ДТ е даден во прилог:

**Образец за пресметка на дневната благајна на ден ________ __бр. 1ДБ**

| Матичен број на овластениот менувач: | | Име на овластениот менувач: | | Адреса на менувачкото место: |
|---|---|---|---|---|
| Вид на валутата | Почетна состојба | Влез | Излез | Крајна состојба |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | | | |
| Име, презиме и потпис на овластеното лице: | | | Име, презиме и потпис на одговорното лице или на друго лице овластено од одговорното лице: | |

На образецот за пресметка на дневната благајна бр. 1ДБ во поодделните колони се внесува:

- Во колоната 1 – вид на валутата, се внесува ознаката на видот на валутата од кодексот на шифри на валути од Упатството за начинот на вршење платен промет со странство на Народната банка;

- Во колоната 2 – почетна состојба, се внесува почетната состојба којашто е еднаква на крајната состојба од последната пресметка на готовината на благајничкото место;

- Во колоната 3 – влез, се внесува збирот од сите примања по валути;

- Во колоната 4 – излез, се внесува збирот од сите издавања по валути;

Во колоната 5 – крајна состојба, се внесува износот што е еднаков на колоната 2 + колоната 3 - колоната 4.

8. Овластениот менувач е должен да доставува збирен декаден извештај за прометот остварен од менувачки работи, на образецот ИМР 1, до Народната банка на Република Северна Македонија.

Збирниот декаден извештај за прометот остварен од менувачки работи се доставува електронски, преку интернет-апликација, во рок од 2 (два) работни дена по истекот на декадата. За менувачите коишто работат во свое име, а за сметка на овластена банка, обврската за доставување на извештајот ја има банката за чијашто сметка работи овластениот менувач.

Овластениот менувач, за да може да го достави збирниот декаден извештај за прометот остварен од менувачки работи преку интернет-апликација, е должен да обезбеди сертификат за електронски потпис од овластен издавач на дигитални сертификати за електронски потписи за овластените лица кои ќе бидат задолжени за неговото доставување.

Образецот ИМР1 – Извештај за прометот остварен од менувачко работење е даден во прилог:

**Образец ИМР1 – Извештај за прометот остварен од менувачко работење за периодот од ____________до ___________, во оригинална валута**

| | Матичен број на овластениот менувач: | | | | | | Име на овластениот менувач: Тел. бр. | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Валута | Почетна состојба | Купени | | Купена странска ефектива во евра од овластени банки | Купени странски чекови | Куповен курс | Примања во денари | Продадени | | Продадена стран. ефект. на овластени банки | Предадени стран. чекови на овластени банки | Продажен курс | Издавања во денари | Крајна состојба |
| | | Купена странска ефектива | | | | | | Продадена странска ефектива | | | | | | |
| | | Резиденти | Нерезиденти | | | | | Резиденти | Нерезиденти | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | Потпис на овластеното лице: | | | | | | | | | | | | | |

Во колоните на образецот ИМР1 се запишуваат следниве податоци:

- Во колоната 1 се запишува ознаката на валутата којашто е предмет на трансакција од кодексот на шифри на валути од Упатството за начинот на вршење платен промет со странство на Народната банка;

- Во колоната 2 се запишува износот на почетната состојба за секоја валута, којшто треба да биде ист со оној од колоната „крајна состојба“ од извештајот за претходната декада;

- Во колоната 3 се запишува вредноста на ефективните странски пари купени од домашни физички лица (резиденти);

- Во колоната 4 се запишува вредноста на ефективните странски пари купени од странски физички лица (нерезиденти);

- Во колоната 5 се запишува вредноста на ефективните странски пари купени во евра од овластени банки;

- Во колоната 6 се запишува износот на откупените чекови;

- Во колоната 7 се запишува вредноста на просечниот куповен курс за таа декада по валути;

- Во колоната 8 се запишува збирната вредност на примањата во денари, и тоа:

- примената денарска противвредност од продадени ефективни странски пари;

- подигнатите денари од посебната денарска трансакциска сметка за менувачко работење;

- Во колоната 9 се запишува вредноста на ефективните странски пари продадени на домашни физички лица (резиденти);

- Во колоната 10 се запишува вредноста на ефективните странски пари продадени на странски физички лица (нерезиденти);

- Во колоната 11 се запишува вредноста на ефективните странски пари продадени на овластени банки;

- Во колоната 12 се запишува вредноста на странските чекови предадени на овластени банки;

- Во колоната 13 се запишува вредноста на просечниот продажен курс по валути за таа декада;

- Во колоната 14 се запишува збирната вредност на издавањата во денари, и тоа:

- издадената денарска противвредност за купени ефективни странски пари и чекови;

- уплатените денари на посебната денарска трансакциска сметка за менувачко работење;

- Во колоната 15 се запишува износот на крајната состојба по валути на последниот ден од декадата.

Банките овластени за вршење менувачки работи, при изготвувањето на декадниот извештај на образецот ИМР1 – Извештај за прометот остварен од менувачко работење, не се должни да ја пополнуваат колоната 2 – почетна состојба и колоната 15 – крајна состојба.

Банките коишто вршат менувачко работење преку банкоматот се должни, во збирниот декаден извештај за прометот остварен од менувачки работи (ИМР1), да го внесуваат и прометот остварен од банкоматот.

9. Овластената банка којашто врши менувачко работење преку банкоматот е должна да доставува збирен декаден извештај за прометот остварен од банкомат со функција за менувачко работење, на образецот ИМР 1/Б, до Народната банка на Република Северна Македонија.

Збирниот декаден извештај за прометот остварен од банкомат со функција за менувачко работење се доставува електронски, преку интернет-апликација, во рок од 2 (два) работни дена по истекот на декадата.

Образецот ИМР1/Б – Извештај за прометот остварен од банкомат со функција за менувачки работи е даден во прилог:

Образец – ИМР1/Б Извештај за прометот остварен од банкомат со функција за менувачки работи за периодот од _____________до ____________, во оригинална валута.

| Матичен број на овластената банка | | | | | Име на овластената банка | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Валута | Купена странска ефектива | | Куповен курс | Примања во денари | Продадена странска ефектива | | Продажен курс | Издавања во денари |
| | Резиденти | Нерезиденти | | | Резиденти | Нерезиденти | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| Потпис на овластеното лице: | | | | | | | | |

Во колоните на образецот ИМР1/Б се запишуваат следниве податоци:

- Во колоната 1 се запишува ознаката на валутата којашто е предмет на трансакција од кодексот на шифри на валути од Упатството за начинот на вршење платен промет со странство на Народната банка;

- Во колоната 2 се запишува вредноста на купените ефективни странски пари од домашни физички лица (резиденти);

- Во колоната 3 се запишува вредноста на купените ефективни странски пари од странски физички лица (нерезиденти);

- Во колоната 4 се запишува вредноста на просечниот куповен курс за таа декада по валути;

- Во колоната 5 се запишува збирната вредност на примањата во денари од продадените ефективни странски пари;

- Во колоната 6 се запишува вредноста на продадените ефективни странски пари на домашни физички лица (резиденти);

- Во колоната 7 се запишува вредноста на продадените ефективни странски пари на странски физички лица (нерезиденти);

- Во колоната 8 се запишува вредноста на просечниот продажен курс по валути за таа декада;

- Во колоната 9 се запишува збирната вредност на издавањата во денари за купените ефективни странски пари.

10. Со влегувањето во сила на ова упатство, престанува да важи Упатството за спроведување на Одлуката за менувачки работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 164/12, 61/14 и 89/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 77/22).

11. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

У. бр. 02-38425/1
22 ноември 2023 година
Скопје

Гувернер,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.

__________